**Известување за концентрација со која ДуПонт де Немоурс, Инц. Вилмингтон, Делавер, САД ќе се стекне со единствена индиректна контрола врз Роџерс Корпоратион Чендлер, Аризона, САД (предмет бр. 08-134/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.12.2021 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ДуПонт де Немоурс, Инц. (*DuPont de Nemours, Inc.*), со регистрирано седиште на 974 Центер Роад, Билдинг 730, Вилмингтон, Делавер 19801, САД (*974 Centre Road, Building 730, Wilmington, Delaware 19801, USA*) преку неговото зависно друштво во целосна сопственост Кардиналис Мергер Суб, Инц (*Cardinalis Merger Sub, Inc.*,) со регистрирано седиште на 1209 Оринџ Стрит, Вилмингтон, Делавер 19801, САД (*1209 Orange Street, Wilmington, Delaware 19801, USA* ) ќе се стекне со единствена индиректна контрола врз Роџерс Корпоратион (*Rogers Corporation*), со регистрирано седиште на 2225 В. Чендлер Булевард., Чендлер, Аризона, 85224-6155, САД (*2225 W.Chandler Boulevard., Chandler Arizona, 85224-6155, USA*).

ДуПонт (претходно со назив ДовДуПонт Инц. (*DowDuPont Inc.*)), основана во 2015 година, за целите на извршување на трансакции за целосно спојување (*all-stock mergers of equals transactions*) помеѓу Дов Хемикал Компани (*The Dow Chemical Company*) (“**ТДЦЦ**”) и Е.И. ду Понт де Немоурс и Компани (*E.I. du Pont de Nemours and Company*)(“**ЕИД**”). Обичните акции на ДуПонт котираат на Њујоршката Берза од 2019 година. ДуПонт е глобален иновациски лидер во технолошки материјали и решенија. Од 1ви февруари 2021 година, ДуПонт учествува во три сегменти, и тоа Електроника & Индустрија (*Electronic & Industrial*), Мобилити и Материјали (*Mobility & Materials*), и Вода и Заштита (*Water & Protection*). ДуПонт нема зависно друштво или друго регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија.

Роџерс е основана во 1832 година и е регистрирана во Масачусетс во 1927 година. Роџерс е акционерско друштво кое котира на Њујоршката Берза од 2000 година. На светско ниво, Роџерс дизајнира, развива, произведува и продава високо ефективни и високо квалитетни инженерски обработени материјали и делови, со цел да ги задоволат предизвикувачките барања на клиентите. Роџерс работи во следните стратешки оперативни сегменти: Напредни Електронски Решенија (*Advanced Electronic Materials*) (AEC) и Решенија за Еластометрични Материјали (*Elastomeric Material Solutions*) (EMC). Исто, Роџерс нема зависно друштво или друго регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија.

Според подносителот, релевантен пазар на производи може да се дефинира како пазар за крути ламинати и флексибилни ламинати. Релевантен географски пазар е Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.12.2021 година
Скопје